СЕКТОР
ЗА
АНАЛИЗА

# НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 10-08-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 7818/1 | | |

09.08.2018

До
Генерален Секретаријат на Влада на Република Македонија
Одделение за соработка со невладини организации
Булевар Илинден бр.2
Скопје

Здружение за земјоделски развој
НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ
Бр. 01-166/2018
09. 08. 2018 год.
СКОПЈЕ

## Предлози на Национална Федерација на Фармери за Програма на работа на Влада 2019 година

Националната федерација на фармерите е невладина и непрофитна организација која ги застапува земјоделците од сите региони на Македонија и сите земјоделски потсектори. НФФ има за цел да ги штити економските, социјални и културни интереси и работи на подобрување на пазарните и производствените услови, во насока на оджлив развој и висок квалитет во земјоделството и руралниот развој.
Национална Федерација на Фармери согласно член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики Ви ги доставува следниве предлози:

1. Да се изготви пречистен текст на Законот за земјоделство и рурален развој, како и на Законот за земјоделско земјиште. Предлагаме да се задолжи Законодавно-правната комисија на Собрание на Република Македонија да утврди пречистен текст на овие закони, се со цел да се олесни примената на законите.

2. Да се направат напори да се испочитува препораката која ја добивме во извештајот за напредокот од Европска Комисија за Македонија 2018, во делот на земјоделство и рурален развој каде што е потенцирана потребата од подобрување на процесот на усогласување на Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН). Имено иако ФАДН е функционален, сепак слабиот квалитет не дозволува ефективна употреба за креирање на земјоделски политики. Во таа насока ги поддржуваме напорите и активностите на твининг проектот финансиран од Европската унија за „Финализирање на Мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства". Македонија е должна да воспостави целосно функционален, компатибилен и хармониизран систем систем за сметковоствени податоци за фарми како приоритетна цел и важна алатка при носење и креирање на програми за развој на земјоделството и руралниот развој. Да се направат достапни на јавноста анализите и извештаите коишто се базирани на податоци

приберени врз основа на ФАДН кои ќе служат како база на податоци за различни истражувања. Владата ја има разгледано Информацијата за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, како материјал за информирање на седница на 05.06.2018 година на 71-ва седница на Влада и иако мрежата е функционална нема податоци за нејзината работа.

3. Функционирање на Пазарниот информативен систем преку кој ке се следат цените на продажба на мало и големо, кој е дел од Стратегијата за земјоделство и рурален развој 2014-2020 и врз чија основа се прави проценка на трендот на движење на цените за да се предвидува интервенција. Преку соодветно одделение на МЗШВ да се прави анализа за постоење на навремени и реални податоци за моментални сезонски и годишни очекувања на приноси од постоечко земјоделско производство.

4. Препорачување превземање на стратешки мерки на долг рок и адаптација кон климатските промени кои имаат огромно влијание во земјоделството во насока на намалување на ризици и намалување на штетите предизвикани од климатски промени. Препорачуваме усвојување на Стратегија за справување со климатски промени кои влијаат на земјоделството во вид на дологорочно планирање и вложување поголеми финансиски средства за справување со климатски промени. Во таа насока исто така препорачуваме вопоставување и ставање во употреба на систем за градобијна заштита, модернизација на метереолошки станици. Како организација предлагаме подршка за инсталирање на заштитни мрежи, anti – frost системи, заштитни фолии преку Програмата за финансиска поддршка за рурален развој ( на ист принцип како што е направено со системите капка по капка). Моментално намалувањето на ризиците од климатските промени се третира преку рангирање и бодување при користење на финансиска поддршка согласно Уредбата за начин и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од програмата ИПАРД 2014-2020 како долгогодишен прорамски документ подготвен од МЗШВ. (Службен Весник на Р.М бр. 64 од 04.04.2016)

5. За успешно спроведување на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија во областа на руралниот развој (ИПАРД) битен услов се и имотно-правните односи на земјоделското земјиште и на објектите кои се изградени. Евидентна е и потребата од просторно и урбанистичко планирање во руралните средини за промоција на одржлив социо-економски развој и воспоставување на баланс помеѓу расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси. Исто така препорачуваме да се динамизира процесот на утврдување на правен статус на објектите изградени на земјоделско

земјиште. Поефикасна организација на јавните повици за Ипард Програмата : да се разгледаат различни опции за објавување на повиците (на пример, можна опција е целогодишен отворен повик со неколку периоди на одлучување по апликациите, или воведување фазен систем за објавување на повиците, на пример по конкретни мерки, којшто нема да се поклопува со јавните повици на националната програма); да се одреди временска рамка со определени рокови низ целиот процес (повик, одобрување на апликацијата, имплементација, мониторинг и контрола) и истата да е во согласност со земјоделските активности; да се воведе поефикасна постапка при оцена на апликацијата од страна на надлежната институција.

6. Да се превземат дејствија да се заврши процесот на изложување на земјоделското земјиште и да се запишат титулари на сопственост во Агенцијата за катастар на недвижности, бидејќи според последните јавно достапни податоци процесот не е завршен и постојат уште кастарски парцели во Регистарот на неизложено земјоделско земјиште при МЗШВ.

7. Листа на корисници кои ја злоупотребиле финансиската помош која се објавува на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој редовно да се ажурира со сите евидентирани баратели кои ја злоупотребиле финансиската помош и целосно да се објавуваат податоците, вклучувајќи нето долг и износ на поврат.

8. Да се промовира процесот и сите економски придобивки од формирање на Локални акциони групи (ЛАГ) за развој на рурални подрачја кои согласно Закон за земјоделство и рурален развој треба да ги изработуваат стратегиите за локален развој на руралните средини. Воедно сакаме да нагласиме дека треба да се направат и законски измени за овозможување на формирање на ЛАГови и во само една општина доколку условите тоа го овозможуваат, како што е случајот со ЛАГот во Ресен, каде што тој цел регион е под една општина Ресен. На ваков начин ќе може да се регистрираат повеќе ЛАГ-ови.

9. Предлагаме да се разгледаат можности да им се овозможи на земјоделците продажба на производи од куќен праг, да се разгледаат компаративни искуства практики што постојат во Словенија и Босна и Херцеговина, усвојување на функционална правна рамка за регулирање на продажба од куќен праг на семејните земјоделски стопанства.

10. Предлагаме да се вршат редовни контроли на откупни центри посебно во делот на договорите, исполнување на обврски кон земјоделците, навремено издавање на документацијата, навремена исплата согласно Законот за земјопделство и рурален развој.

11. Согласно Закон за безбедност на храна правните лица вклучени во обработка на производи од животинско потекло се должни да се услогласат со прописите за безбедност на храна на ЕУ, бидејќи оние кои нема да се услогласат ќе можат да ја продолжат производната активност до една година пред денот на пристапување на државата кон ЕУ. Да се организира кампања од Агенција за храна и ветеринарство се со цел да се зголеми информираноста за овие одредби.

12. Да се изготви сеопфатна анализа за пристап до услуги и добра во рурални средини водејќи сметка за рамномерен регионален развој и да се продолжи работа на постојано подобрување на пристап до добра и услуги за лица и семејства кои живеат во рурални средини во смисла на пристап до здравствени, образовни, ран детски развој, културни, инфаструктура и други добра. Ја поздравуваме одлуката за рурален доктор и аптека, но исто така потенцираме дека треба да има зголемување на обем на здравствени услуги во рурални средини, особено е важно жените да имаат пристап до матичен гинеколог во руралните средини. Зголемување на опфатот на деца и обезбедување на поголема правичност во пристапот на сите деца од рурални средини до установи за предучилишно воспитание.

13. Од причини што не се направени целосни и сеопфатни испитувања и анализи за состојбата во руралните средини Државниот завод за ревизија во 2016 година по направена ревизија за условите за развој на рурален развој во Република Македонија и препорача на Владата во соработка со надлежни институции да започне активности за изработка на сеопфатна анализа со цел утврдување на реална состојба во руралните средини во државата за да се приоритизира пристапот до добра и услуги за граѓаните кои живеат во тие средини во зависност од нивните потреби, а се со цел да се намали социјалната исклученост, миграциите и да се обезбеди рамномерен регионален развој.

14. Да се зајакнат советодавни услуги за земјоделците со донесување на Законот за советодавни услуги во земјоделството и храна низ консулатативна процедура со сите засегнати страни како поддршка за развојот на земјоделството и олеснување на процесот на апликација и примена на нови технологии во производството, да се подобри знаењето на земјоделците низ дефиниран систем на советодавни услуги и постапки финансирани од јавни извори за подобрување на економски и неекономски активноси и услови за живот пристап до правата во руралните средини.

15. Уредба за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот за директни плаќања за 2018 година сменета е неколку пати во текот на годината и тие промени имаат влијание на

реализација и информираноста на земјоделците и влијаат на квалитетот на планирањето и правната сигурност на земјоделците и истите треба да бидат информирани за направените измени.

16. Воспоставување на мониторинг систем кој ќе ја следи реализацијата на Програмата за финансиска подршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка за рурален развој со цел да се видат ефектите од Програмите каде што се користат државни финансиски средства и резултатите да се јавно достапни за граѓаните на Република Македонија.

17. Почитување и имплементација на Законот за земјоделство и рурален развој за договорно производство каде што јасно е дефинирана формата, содржината и улогата на сите чинители во земјоделството. Посебно функционирање на потсекторскиот пристап, Советот за земјоделството и рурален развој и други предвидени елементи согласно законот.

Лице за контакт
Билјана Петровска - Митревска
Сектор за анализа и развој во НФФ
тел: 076377405
mail: bile_pet@yahoo.com

Здружение за земјоделски развој НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ Скопје

Со почит,

Васка Мојсовска
Претседател на Националната
федерација на фармери

За НФФ: Националната федерација на фармерите е невладина и непрофитна организација која ги застапува земјоделците од сите региони на Македонија и сите земјоделски потсектори. НФФ има за цел да ги штити економските, социјални и културни интереси и работи на подобрување на пазарните и производствените услови, во насока на одржлив развој и висок квалитет во земјоделството и руралниот развој.